# ПРОГЛАС
# НА ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА
# ЗА

РАДИКАЛЕН ПРЕСВРТ ВО МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИКА - ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОАЗИСКАТА ЕКОНОМСКА УНИЈА И СТРАТЕШКО ПАРТНЕРСТВО СО РУСИЈА

ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА

## Кои сме ние?

Централниот комитет на Народно движење за Македонија на седницата одржана на 21 јануари 2018 донесе одлука за целосно ребрендирање на партијата и нов назив Единствена Македонија.

Народно движење за Македонија се основа на 18 мај 2002 како партија со национална ориентација втемелена врз патриотизмот на сите Македонци кон заедничката татковина Република Македонија и како директен одраз на потребата од сочувување, негување и развивање на историските вредности на македонскиот народ. Во изминатиот период, НДМ беше единствената партија која отворено се залагаше за утврдување на интегритетот на македонската нација во нејзините етнички граници врз принципот на правото на самоопределување, конституирање на Македонија врз концептот „нација-држава", односно, национална држава на македонскиот народ, со унитарен карактер и рамноправност на малцинствата кои живеат во неа и неменување на името како битна конституента на македонската национална свест и македонската нација. Затоа, НДМ беше жесток критичар за приемот во Обединетите нации со референца, против капитулантскиот рамковен договор од 2001, против фалсификуваниот попис од 2002 со кој бројот на македонските Албанци беше зголемен за два пати, односно на 25.14 отсто наместо 13.6 отсто, против територијалната поделба од 2004, двојазичноста...

Меѓутоа, Народно движење за Македонија ја согледа потребата од поинаков пристап кон заштита на Македонија и Македонскиот народ кои се нападнати од надворешни и внатрешни сили и кои вршат дезинтеграција на македонскиот народ и држава, напаѓајки го директно нашето македонско исконско име, идентитет и битие. Тој поинаков пристап има за цел да го регрутира целокупниот македонски потенцијал и да го вклопи во системи кои нудат заштита на територијалниот интегритет, сувереност и посебност на нациите.

## Кои се нашите цели ?

Континуитетот меѓу Народно движење за Македонија и Единствена Македонија се гледа од нашите цели, кои значат останување на првата линија во борбата за одбрана на македонските национални и државни интереси и тоа:

### Прва цел

Република Македонија национална држава на македонскиот народ, со унитарен карактер и гарантирани права на малцинствата според меѓународното право;

Неделивост и неотуѓивост на државната територија без можност за нејзино дезинтегрирање во федерални единки или територијална автономија;

Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;

Неменување на исконското име - Република Македонија како битна конституиента на македонската национална свест и македонската нација;

Зачувување на македонскиот идентитет, историја, култура и традиции во нивното тримилениумско постоење;

Зачувување на автокефалноста на Македонската православна црква и нејзиното автентично место како прва православна црква на Балканот.

### Втора цел

Организирање на Уставотворно собрание за донесување на нов Устав заснован на погоре споменатите принципи;

Организирање на Црковно-народен собор за прочистување на Македонската православна црква од криминалци и национални предавници, вклучително и највисокиот црковен клир;

Забрана на партии, организации и здруженија кои ја негираат тримилениумската македонска историја, идентитет, јазик и култура;

Преиспитување на периодот од 1991, до денес, во економска и политичка смисла и тоа:

- поништување на сите штетни правни акти за македонскиот народ и македонската држава;
- затвор и целосна конфискација на имотот на криминалците, квизлинзите и националните предавници, согласно законите што ќе произлезат од новиот македонски Устав;
- строги казни за виновниците за криминалната приватизација и за капитуланските договори - рамковен 2001, пржински 1 и 2, за територијалната поделба во 2004, за штетните договори со Бугарија и Грција;
- ревизија и одземање на украденото во криминалната приватизација со која е извршен грабеж на општествениот имот кој 45 години назад го создаваа сите работни луѓе во социјализмот;
- ревизија и одземање на украденото и во постприватизациониот период.

Организирање на македонската држава на социјална основа со целосна посветеност на егзистенцијата и животот на македонските граѓани;

Воведување на директна демократија во повекето сфери на управување на државата преку национални и локални референдуми по сите клучни прашања од национален и локален интерес.

## Зошто стратешки сојуз со Русија?

Единствена Македонија и македонскиот народ силно веруваат дека единствено во сојуз со Русија можеме да ги заштитиме националните и државните интереси на Република Македонија: името, идентитетот, унитарноста и територијалниот интегритет и суверенитет.

Македонскиот и рускиот народ ги врзуваат цврсти и нераскинливи врски преку јазикот, религијата, менталитетот, традиционалните вредности, антифашистичкото минато и културата.

Впрочем, токму претседателот на Русија, Владимир Путин изјави дека писменоста се должи на македонската земја со што даде историска потврда за македонскиот јазик и култура како немерлив придонес во светската цивилизација.

Руската федерација ја призна Република Македонија под уставното име и притоа стратешкото партнерство не го условува со уништување на идентитетот на Македонците.

Братскиот и пријателски народ на Русија никогаш не го довел во прашање територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија, дури, жестоко се спротиставува на САД и Велика Британија да ги обезличат Македонците и да ја распарчат Македонија во корист на нејзините соседи Албанија и Бугарија.

Русија јасно порача дека е подготвена да понуди алтернатива за Македонија и останатите балкански земји.

Русија се спротиставува на плановите на злосторничкиот воен блок - НАТО да им додели улога на Македонците како топовско месо во новата војна што ја спремаат САД и НАТО.

Македонија и Македонците со трмилениумската историја и традиција имаат историска улога и одговорност во светот на Словените. За време на Втората светска војна Македонците и Србите беа единствените народи во Европа кои заедно со Советска Русија застанаа масовно во борбата против фашизмот. Денес кога полјаци, словаци, чеси, хрвати, словенци, бугари се германизираат и влегоа во НАТО бегајќи од своето словенско потекло, Русите, Србите, Белорусите, Македонците, остануваат на браникот во одбрана на словенската цивилизација која е спротивна на геноцидното варварство на САД и неговите западни сателистки држави.

## Зошто членство во Евроазиската економска унија?

НАТО и Европската унија се стратешки партнери и не случајно речиси сите членки на НАТО се членки и на ЕУ, бидејќи НАТО е Четвртиот фашистички рајх предводен од САД а ЕУ е негов економски инструмент за уништување на европските народи и држави. Затоа државите од Источна Европа и Балканот првин стапуваат во членство во НАТО а потоа и во ЕУ.

Геноцидниот однос на НАТО спрема Македонија и Македонците целосно се поклопува со геноцидниот однос на ЕУ во стилот на некогашната Римска империја. Ги купуваат и корумпираат политичките елити со цел да ги стават под контрола, а потоа преку истите елити ги обезличуваат народите и ги спремаат за топовско месо во војните или пред време ги уништуваат.

Евроатлантизмот со замислениот Нов светски поредок сака помалите земји целосно да го изгубат националниот идентитет и да се претворат во колонии.

Евроазиската економска унија во политичка, економска и културна смисла се темели на традиционализмот со почитување на традиционалите вредности, посебноста, национален и религиски идентитет и вклопувањето на тие идентитети и вредности во општата заедничка цел за безбеден, праведен и просперитетен свет.

Евроазиската економска унија дава можност да ја подигнеме економијата, повисок животен стандард, преполовување на невработеноста и емиграцијата. Зошто масовно не емигрираат Русите од Русија, Кинезите од Кина, Белорусите од Белорусија и воопшто граѓаните од државите членки на Евроазиската економска унија?

Од друга страна, милиони граѓани од Источна Европа и Балканот, иако нивните држави се членки на ЕУ, сепак се иселуваат. Ова од причина, бидејќи ЕУ ги руши економиите на помалите земји со цел да добие ефтина работна сила за Германија, Франција, Италија...

Спротивно на ова, Евроазиската економска унија не руши, туку создава економии и можност граѓаните од нејзините држави-членки да живеат во својата Татковина, наместо да бидат робови на Запад.

Евроазиската економска унија нуди огромен пазар за нашите производи кои нема да бидат уценети, како што се уценети за сметка на западните корпоративни интереси.

Евроазиската економска унија преку изградбата на копнени, водени и енергетски коридори, директно влијае на економскиот раст со ангажирање на локалната градежна оператива.

Енергетскиот коридор Јужен тек на Руската федерација ќе донесе поефтин еколошки енергенс за 50 отсто што значи поефтино производтсво, намалување на цената на македонските производи и негова поголема конкурентност, ефтино загревање на домовите, почиста средина со елиминирање на загадувањето.

Стратешкото партнерство со Русија и членството во Евроазиската економска унија не бара промена на македонското име, идентитет, јазик и историја.

**Затоа, Единствена Македонија бара стратешко партнерство со Русија и членство во Евроазиската економска унија.**

**Единствена Македонија веќе поднесе барање до Собранието за повлекување на Одлуката за членство на Македонија во НАТО и до Владата за повлекување на барањето за влез на Македонија во ЕУ.**

**Иднината припаѓа на Русија, Кина и останатите држави од БРИКС.**

**Република Македонија мора да се вклопи во таа иднина.**

**Единствена Македонија ќе ја оствари таа иднина заедно со македонскиот народ и овој проглас е проглас да останеме свои на своето и за зачувување на Македонија и Македонците и на сите граѓани на Македонија.**

**ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА**




